Република Северна Македонија

**Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи - Скопје**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 112/20, 215/21, 99/22 и 208/24), директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи ја донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас број 152/2026

1. За вршител за работното место со шифра УПР0101В01000, Советник за мониторирање на квалитетот и безбедноста на здравствената грижа се избира кандидатот со идентификациски код 143DB66 – Искра Вапски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работно место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 24.02.2026 година во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха и на интернет страницата на Агенција за администрација објавен е јавен оглас бр. 152/2026 за вработување на административен службеник во Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на работно место со шифра УПР 0101В01000 – Советник за мониторирање на квалитетот и безбедноста на здравствената грижа.

Со Решение бр. 10-608/5 од 06.03.2026 година , формирана е Комисија за селекција за вработување по пат на јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.
Комисијата за селекција на ден 11.03.2026 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник од извршената административна селекција за административен службеник

број 10-608/6 од 11.03.2026 година), а на ден 01.04.2026 година спроведе испит за административен службеник (Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-608/8 од 01.04.2026 година) и на ден 06.04.2026 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник (Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник бр. 10-608/9 од 06.04.2026 година)

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на Агенцијата за администрација до директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на ден 07.04.2026 година, доставена е конечна ранг листа и предлог кандидат за вработување бр. 10-608/11 од 06.04.2026 година, врз основа на што директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи изврши избор како во диспозитивиот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

**Директор**
**Билјана Димитрова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Одделение за општи и заеднички работи